Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр./Nr. 0402 - 124/3

14.05 2021 год./viti

Врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г. и Предлог- Одлуките на Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003) под бр.0402-47/3 од 26.02.2021 г., 0402-47/8 од 25.03.г., 0402-89/3 од 16.04.2021 г. ,и Одлуките за избор донесени од вд директорката под бр.0402-47/4 од 26.02.2021, 0402-47/9 од 25.03.2021 г. и 0402-89/4 од 20.04.2021 г., со Решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., а согласно напатствијата, препораките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-117/3 од 06.05.2021 г., со кое Управниот одбор повторно ја усвои Жалбата на неизбраниот кандидат Павле Игновски заведена под бр.0402-89/5 од 29.04.2021 г., и ја укина Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-47/8 од 25.03.2021 г. и предметот го врати на повторно постапување и одлучување, по која Комисијата за постапка за вработување постапи и донесе Заклучок под бр. 0402-124/1 и Предлог-Одлука под бр.0402-124/2 , донесени на ден 14.05.2021 г. врз основа на која вд директорката на НУ Драмски театар Скопје на ден 14.05.2021 г., донесе

## ОДЛУКА

За избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител
по оглас бр. 1507489 од 04.01.2021 г.

1. За вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје, се избира прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Истоимената стручна Комисија за постапка за вработување, именувана со Решение под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко-раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член-претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор, постапила, врз основа на напатствијата, упатствата, насоките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-117/3 од 06.05.2021 г., со кое Управниот одбор повторно ја усвоил Жалбата на неизбраниот кандидат Павле

Игновски заведена под бр.0402-47/9 од 31.03.2021 г., и ја укинал Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-89/4 од 20.04.2021 г. предметот го вратил на повторно постапување и одлучување со напатсвија детално да се утврдат и образложат стручните компетенции на кандидатите кои биле решавачки при одлучувањето. По ова, Комисијата на ден 14.05.2021 г., постапила со донесување на Заклучок под бр.0402-124/1 со детално образложение за направеното рангирање на интервјуираните кандидати.

Комисијата постапувала согласно законските и подзаконските општи и поединечни правни акти. Во постапката на административна селекција на пријавените кандидати, Комисијата ги прифатила сите поднесени документи од кандидатите, и истите биле повикани на индивидуално приемно интервју, преку кое се извршила селекцијата на човечките ресури за конкретното работно место.

Во интервјуто сите кандидати имале еднаков третман во процесот на селекција, бидејќи самото интервју било структурирано со однапред утврдена природа на прашањата, и тоа релевантни прашања за општи компетенции, посебни компетенции и мотивациони прашања, со кои се настојувало подобро да се запознаат кандидатите, за да се проценат нивните вештини, способности и други нивни лични карактеристики, за да на крајот се издвои оној кој најмногу одговарал за бараната работа за која конкурирал.

Едногласниот став на Комисијата е дека прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев ги потврдил своите општи работни компетенции, кои се суштински за постигнување на ефективен учинок на работното место и со минатиот учинок кој го имал им потврдил дека тој имал најголем потенцијал за ефективно исполнување на работните задачи кои ги бара самото работно место. Тоа се гледало по одговорите на поставените прашања за општи компетенции. Тука се истакнало неговото самопознавање и свесност за проблемите со кои се соочува и ќе се соочува во иднина Драмскиот театар, искуството во менаџирањето и организацијата на персоналот во Драмски, неговиот меѓучовечки однос и хиерархиска поставеност на персоналот, со кои се соочувал во континуитет.

Додека пак, според Комисијата второрангираниот кандидат-1 Павле Игновски , не ги потврдил своите општи компетенции, бидејќи на поставените прашања, неговите одговори во врска со организациското знаење биле многу општи без прецизна содржина и неговиот минат учинок на разни проекти не бил во континуитет (непрекинато) остваруван туку, на одредени периоди, со оставен поголем временски простор.

Во врска со посебните работни компетенции, прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев, преку поставените прашања и дадени одговори, докажал дека ја поседува стручноста и познавањето на областа на работното место за кое аплицирал . Тој истакнал дека освен работењето со потребни комјутерски програми, приморан бил со своето знаење да го одржува компјутерскиот парк во Драмскиот театар, работел со

видео материјали и нивна обработка и знаел каква обука е потребна на техничкиот кадар за негово усовршување и унапредување.

Второрангираниот кандидат-1 Павле Игновски, ги истакнал своите посебни компетенции, и својата стручност, повеќе во насока на приватните проекти на кои работел. Според Комисијата на ова работно место се барало систематско обавување на работните задачи, во континуитет, со грижа и познавање на целокупното функционирање на институцијата во целост, тргнувајќи од безбедносни мерки и заштита на вработените, преку посебни услови за непречено функционирање на вработените, координирање на повеќе сектори и менаџирање на вработените и сл.

Во однос на мотивационите прашања, прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев својот мотив за аплицирање на ова работно место го истакнал со компатибилноста меѓу него и Драмскиот театар и тоа преку покажување на свесност и психичка подготвеност, ентузијазам за предизвици и постепено и темелно решавање на проблемите на Драмскиот театар во однос на кадарот, техничката опрема, просторот (зградата) и продукцијата, точно знаејќи со што се соочувал Драмскиот театар со текот на годините.

Додека пак, второрангираниот кандидат-1 Павле Игновски својот мотив за аплицирање на ова работно место го истакнал преку доживувањата кои ги имал преку Драмскиот театар , од детство, па преку своето професионално развивање до ден денес со остварена блиска соработка со Драмски и неговиот персонал и дека имал чуство дека своето досегашно искуство и контакти му ги должел на Драмски. Во овој мотив Комисијата не ја увидела доволно компатибилноста на кандидатот со Драмскиот театар, бидејќи ја истакнувал само личната погодност за себеостварување и докажување.

Според Комисијата деталното образложение за направениот избор на најстручен и најкомпетентен кандидат било доста комплексно и помеѓу двете еднакво квалифицирани апликации го опфаќало целокупниот перформанс кој го истакнале двајцата кандидати.

Во прилог на овој Заклучок на Комисијата достави и Издвоеното мислење на членот Кубе Гунтер- друг раководител- технички раководител во НУ МНТ, како надополнување на едногласниот став на целата Комисија.

Врз основа на горенаведеното, вд.директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од 8 (осум) дена со денот на приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје
В.д Директор,
Катарина Коцевска Хаџи Василева

14.05.2021 г., Скопје